Агенцијата за вработување на Рапублика Македонија (АВРМ) во рамките на проектот „Поддршка за вработување на млади", финансиран од страна на Оперативната програма за "Развој на човечки ресурси 2007-2013"(ИПА Компонента IV), а врз основа на Оперативниот план за услуги на пазарот на труд и активни програми и мерки за вработување за 2017 година, го објавува следниот:

**Јавен повик**

**за млади невработени лица за поднесување апликација за учество во**

**„Обуки за побарувани занимања на пазарот на трудот"**

Се повикуваат сите регистрирани невработени лица (активни баратели на работа) на возраст до 29 години, да искажат интерес и да аплицираат за едно од професионалните занимања наведени во листата и да земат учество во обуките за стекнување дополнителни професионални знаења и вештини кои се побарувани на пазарот на трудот.

Овие обуки во текот на 2017 година ќе ја зголемат вработливоста на 220 невработени лица на возраст до 29 години и ќе обезбедат можност за зголемување на професионалните вештини и стекнување со квалификации за специфични занимања побарувани на пазарот на трудот.

Сите заинтересирани невработени лица на возраст до 29 години евидентирани во Агенцијата за вработување, како активни баратели на работа, можат да се пријават за учество во обука за едно од занимањата на следнава листа:

- Службеник во книговодство (за 100 кандидати);
- Неговател/ка на стари и немоќни лица во домашни услови (за 40 кандидати);
- Масер (за 40 кандидати);
- Шминкер (за 40 кандидати);

Обуките ќе се спроведуваат во период од 4 (четири) месеци. Обуките вклучуваат предавања, часови за подготовка на испит и испит(и) за стекнување со сертификат.

Секое невработено лице избрано да учествува во обуките ќе потпише Договор за учество во обуката за која аплицирал/ла.

Трошоците за месечниот надомест за учесниците во обуката во износ од 6.261,00денари, со вклучено осигурување во случај на несреќа при работа и персонален данок на доход за секој учесник, ќе бидат покриени од страна на Агенцијата за вработување.

По завршување на обуката, секој од учесниците кои го исполнуваат условот за минимум 70 % учество на предвидените часови обука и има добиено потврда за реализирана практична обука, ќе може да полага испит за проверка и вреднување на стекнатите знаења и вештини пред Комисија.

**Критериуми за аплицирање**

Заинтересираните невработени лица на возраст до 29 години регистрирани во Агенцијата за вработување, ќе бидат пред –селектирани од базата на регистрирани активни баратели на работа согласно нивната изјава во Индивудуалниот план за вработување (ИПВ). Пред-селектираните кандидати ќе бидат повикани да ја пополнат Апликацијата за учество во Агенцијата за вработување и/или во некој од Центрите за вработување низ државата и да изберат обука за која се најмногу заинтересирани.

Секој кандидат, за да може да учествува во обуките, треба да ги исполни следниве критериуми:

- Регистриран во Агенцијата за вработување како активен барател на работа;
- Изјава во Индивудуалниот план за вработување (ИПВ), доколку има пополнето;
- Апликацијата за учество пополнета во АВРМ или било кој друг Центар за вработување низ државата;
- Соодветно образование, релевантно зависно од видот на обуката која ја има избрано.

Крајната селекција на учесниците ќе биде извршена од страна на Евалуациска Комисија на основа на погоре споменатите критериуми, формирајќи ранг листа на сите заинтересирани кандидати.
Доколку бројот на заинтересираните учесници го надминува бројот на предвидените кандидадати за одредена обука, ќе се применуваат дополнителни криетериуми за селекција кои ги опфаќаат бројот на годините на регистрација како невработено лице.
За време на постапката за селекција на учесниците, Агенцијата за вработување ќе ги применува следниве принципи:

- Кандидатите кои веќе учествувале на одредена обука за вештини побарувани на пазарот на трудот, неможат повторно да бидат вклучени во обуките;
- Доколку кандидатите имаат слично образование со она за кое се спроведува обуката, ќе се земе како предност при селекцијата;
- Доколку бројот на подобните кандидати е поголем од предвидениот број на учесниците на обуката, кандидатите ќе бидат избрани според тоа како се квалификувани на ранг листата на кандидати.

Кандидатите кои досега не учествувале на вакви обуки се охрабрени да се пријават за учество. Агенцијата за вработување ги охрабрува сите невработени на возраст до 29 години лица од различен пол, националност и културна припадност да аплицираат со цел да се здобијат со релевантни вештини за специфични професионални вештини побарувани на пазарот на трудот. Лицата од малцинските групи, како и лицата со посебни потреби се охрабруваат да аплицираат.
Агенцијата за вработување го задржува правото да ги одбие кандидатите кои не ги исполнуваат потребните критериуми. Исто така постои можност некои од обуките да не се спроведат во оние градовите каде што нема да биде избран соодветен обучувач.

**Процедура и рок за аплицирање**

Заинтересираните невработени лица на возраст до 29 години, регистрирани како активни баратели на работа можат да поднесат Апликација за учество во Агенцијата за вработување и во некој од 30-те Центри за вработување низ државата, изразувајќи го својот интерес за учество во обуките за вештини побарувани на пазарот на трудот, со наведување на типот на обуката, секој работен ден од **8:30 до 16:30 часот почнувајќи од 07.02.2017**. Јавниот повик ќе биде отворен до исполнување на вкупно планираниот број на лица за обуки за оваа мерка.
Сите податоци вклучени во пријавата за учество ќе се сметаат за доверливи.
Детални информации можат да се добијат во работните клубови на 30-те Центри за вработување каде лицата се евидентирани како невработени, како и на Контакт телефон (02) 3 213 070 и веб-страницата на Агенцијата за вработување www.avrm.gov.mk.
Јавниот оглас е исто така објавен на следните веб-страници:

- Агенција за вработување www.avrm.gov.mk
- Министерсво за труд и социјална политика www.mtsp.gov.mk